Предлагач: Влада на Република Северна Македонија

Претставници: д-р Азир Алиу, министер за здравство и

м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство

Повереници: д-р Бесим Мемеди, државен секретар во Министерството за здравство и

д-р Никола Грпчевски, државен советник во Министерството за здравство

# Предлог на закон
# за заштита од употреба на производи од тутун или сродни производи (*)

Скопје, јуни 2026 година

## В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлогот на закон за заштита од употреба на производи од тутун или сродни производи (*) се уредува заштитата од штетните ефекти од употребата на производи од тутун или сродни производи, заштитата на населението од дејството на тутунски чад во животната средина, забраната за употреба на производи од тутун или сродни производи, уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, како и додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи во јавни и работни простори, забраната за рекламирање и промоција на производи од тутун или сродни производи, забраната за спонзорирање активности од страна на тутунската индустрија, прикажувањето и изложувањето на производи од тутун или сродни производи, уредите за употреба на производи од тутун или сродни производи, како и превентивните мерки за подигање на јавната свест и поддршка за прекинување на употребата на производи од тутун или сродни производи.

Контролата на употребата на производите од тутун или сродните производи претставува еден од клучните столбови на јавно здравствените политики и глобалните напори за намалување на заболувањата и прераната смртност. Светската здравствена организација (СЗО), преку Рамковната конвенција за контрола на тутунот (FCTC) дава насоки за тоа како државите можат да воспостават ефективен и сеопфатен правен и институционален систем за справување со предизвиците поврзани со употребата на производи од тутун или сродни производи.

Предлогот на закон кој ја регулира заштитата на населението од ефектите на тутунски чад во животната средина и последиците од потрошувачката на производи од тутун или сродни производи, е сеопфатен и вклучува елементи кои се однесуваат на заштита на населението од изложеност на тутунски чад и аеросол и последиците од употребата на производи од тутун или сродни производи, регулирањето на правата и обврски на граѓаните, претприемачите и правните лица, како и надлежностите на државните органи и локалните власти.

Предлогот на закон вклучува мерки за намалување на побарувачката, заштита од изложеност на тутунски чад, обелоденување на информации и означување на производите, забранува реклама, промоција и нелегална трговија и обезбедува медицинска помош за прекин на употребата на производи од тутун или сродни производи и секако, уредува следење на ефективноста и надзор над спроведувањето на законските одредби.

Пушењето е водечка причина за смртност и хронични болести во Република Северна Македонија. Според податоците на СЗО, над 45% од возрасната популација во земјата пуши, што ја става Република Северна Македонија меѓу земјите со највисока стапка на пушење во Европа. Пушењето е поврзано со повеќе од една третина од сите случаи на карцином на белите дробови и значителен дел од кардиоваскуларните болести. Намалувањето на пушењето води кон помал број на боледувања, повисока работна ефикасност и подолг животен век на активното население – клучни фактори за економски раст.

Трошоците за лекување на болести поврзани со пушењето се огромни. Директните здравствени трошоци за лекување на болести предизвикани од пушење надминуваат

стотици милиони денари годишно, што создава финансиски притисок врз јавниот здравствен систем и ги ограничува ресурсите за други приоритети. Економското влијание на тутунот е значајно, опфаќајќи над 5% од БДП преку здравствени трошоци и загубена продуктивност.

Загадувањето од тутунски чад придонесува за влошување на квалитетот на воздухот во затворени простории. Во земја каде што загадувањето на воздухот е веќе сериозен проблем, ограничувањето на пушењето во јавни и работни простори има директен придонес кон подобрување на квалитетот на воздухот и здравјето на граѓаните.

Секундарната изложеност им штети на бебињата и децата, зголемувајќи го ризикот од болести и нарушувајќи го здравиот развој. Исто така употребата на тутун ја намалува плодноста и наталитетот, дополнително влошувајќи ги демографските предизвици како стареење и намалување на населението. Намалувањето на консумацијата на тутун поддржува поголема наталитетна стапка и поздраво население.

Повеќето пушачи почнуваат да користат тутун пред 18-годишна возраст, што ја прави превенцијата кај младите клучна за здрава иднина.

Зависноста од никотин е излечива: интервенции засновани на докази, вклучително и терапија за замена на никотин, им помагаат на луѓето да се откажат и носат брзи здравствени придобивки. Престанокот со употреба на производи од тутун или сродни производи ги намалува хоспитализациите, го подобрува менаџирањето на хроничните болести и значително ги намалува здравствените трошоци.

Инвестирањето во сеопфатна контрола на тутунот е стратешка и долгорочна одлука што го подобрува јавното здравје, ги адресира демографските предизвици, го намалува товарот врз здравствениот систем и ја зајакнува економската иднина на Република Северна Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со овој Предлог на закон ќе се обезбеди:
- заштитата од штетните ефекти од употребата на производи од тутун или сродни производи;
- заштитата на населението од дејството на тутунски чад во животната средина;
- забраната за употреба на производи од тутун или сродни производи, уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи и додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи во јавни и работни простори, забраната за рекламирање и промоција на производи од тутун или сродни производи;
-забраната за спонзорирање активности од страна на тутунската индустрија, прикажувањето и изложувањето на производи од тутун или сродни производи, како и уредите за употреба на производи од тутун или сродни производи и
- превентивните мерки за подигање на јавната свест и поддршка за прекинување на употребата на производи од тутун или сродни производи.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за заштита од употреба на производи од тутун или сродни производи (*) нема дополнителни финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Со спроведувањето на одредбите на Предлогот на закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту има дополнителни материјални обврски за одделни субјекти. За спроведувањето на предложениот закон ќе се користат постојните ресурси.

## V. ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Донесувањето на предложениот закон предизвикува потреба од донесување на подзаконски пропис чија содржина е предвидена со одредбите на предложениот закон.

## VI. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ НА ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Директива 2014/40/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 3 април 2014 за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки во врска со производството, претставувањето и продажбата на тутунски и сродни производи (CELEX 32014L0040)

Директива 2003/33/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 26 мај 2003 за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки во врска со рекламирањето и спонзорирањето на тутунски производи (CELEX 32003L0033)

Препорака на Советот C/2024/7425 од 9 декември 2024 за средини без чад и аеросол (OJ C, C/2024/7425, 12.12.2024)  (CELEX 32024H07425)

Предлог на закон
за заштита од употреба на производи од тутун или сродни производи (*)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува заштитата од штетните ефекти од употребата на производи од тутун или сродни производи, заштитата на населението од дејството на тутунски чад и/или аеросол во животната средина, забраната за употреба на производи од тутун или сродни производи, уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи и додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи во јавни и работни простори, забраната за рекламирање и промоција на производи од тутун или сродни производи, забраната за спонзорирање активности од страна на индустријата, прикажувањето и изложувањето на производи од тутун или сродни производи, како и уредите за употреба на производи од тутун или сродни производи, и превентивните мерки за подигање на јавната свест и поддршка за прекинување на употребата на производи од тутун или сродни производи.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон, го имаат следното значење:

1. „Употреба на производи од тутун или сродни производи“ во смисла на овој закон, се однесува на употребата на производи од тутун или сродни производи, кои емитираат тутунски чад и/или аеросол, создаден со нивно согорување, загревање или со друг начин на создавање на аеросол;
2. „Уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи “ се електронски или слични уреди наменети за употреба на производи од тутун или сродни производи, преку создавање аеросол што содржи никотин (пареа, чад), кој го вдишува потрошувачот, вклучувајќи го секој предмет или компонента наменета за употреба со уредот, без разлика дали се продава одделно или не (освен самите производи од тутун или сродните производи, вклучувајќи електронски системи за испорака на никотин, системи за загревање на тутун и лулиња, освен регистрирани медицински помагала);
3. „Додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи“ се предмети што не се уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, но се наменети за употреба во процесот на употреба на производи од тутун или сродни производи, вклучувајќи луле за пушење, усник (чибук), цигарна хартија, пепелник и тн.;
4. „Секундарна изложеност" е неволна изложеност на тутунски чад и/или аеросол што потекнува од употреба на производи од тутун или сродни производи, создаден со нивно согорување, загревање или со сличен начин на создавање на аеросол, вклучувајќи ги и емисиите што ги издишува корисникот;
5. „Рекламирање и промоција “ е секоја форма на пренос на комерцијални информации, препораки или активности со цел, резултат или веројатен резултат на поттикнување на продажбата или консумирање на производи од тутун или сродни производи;
6. „Производи од тутун" се производи изработени целосно или делумно од тутунски лист, наменети за пушење, џвакање или шмркање, дефинирани согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*);

---

* Со овој закон се врши усогласување со Директива 2014/40/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 3 април 2014 за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки во врска со производството, претставувањето и продажбата на тутунски и сродни производи (CELEX 32014L0040), Директива 2003/33/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 26 мај 2003 за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки во врска со рекламирањето и спонзорирањето на тутунски производи (CELEX 32003L0033)

7. „Сродни производи" се производи дефинирани согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*);
8. „Објект“ е тридимензионална структура составена од надземни и/или подземни делови, односно се што преку изградба е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина вклучувајќи мрежи и инженерски системи и инсталации, наменета за престојување и сместување и/или извршување на човекови активности, работно место, место за производство, складирање на производи или чување на животни;
9. „Јавен превоз на патници“ е превоз на патници кој под еднакви услови им е достапен на сите корисници;
10. „Животна средина загадена со тутунски чад или аеросол" е локација на која е присутен тутунски чад или аеросол (чад, пареа) од производи од тутун или сродни производи, создаден со нивно согорување, загревање или со друг начин на создавање на аеросол, на која се употребуваат или се употребувале производи од тутун или сродни производи, вклучувајќи го и чадот или аеросолот што го издишува лицето кое ги употребува тие производи;
11. „Работно место“ е секое место што го користат лицата во текот на нивната работа или ангажман, без оглед на тоа дали активноста е платена или не, вклучувајќи места што ги посетуваат лицата за време на работата (ходници, лифтови, скалила, фоаје, помошни простории, тоалети, мензи, помошни и сервисни објекти како шупи или хангари, и други слични места), како и моторни возила што се користат во текот на извршувањето на работните обврски;
12. „Индустрија“ се правни лица со претежна дејност во производството, големопродажбата и увозот на производи од тутун или сродни производи, согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*);
13. „Спонзорирање од страна на индустрија“ е форма на придонес за било кој настан, активност или поединец, со цел, резултат или веројатен резултат на поттикнување на продажбата или консумирање на производи од тутун или сродни производи и
14. „Службено лице“ е инспектор од Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Државниот комунален инспекторат, Државниот инспекторат за транспорт, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Управата за сигурност во железничкиот систем, Управата за јавни приходи, комунални инспектори и овластени комунални редари во единиците на локална самоуправа, овластени лица на Министерството за внатрешни работи, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Капетанијата на пристаништата, Управата за извршување на санкциите, како и вработени лица од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рамките на надлежностите утврдени со овој или друг закон.

## II. ЗАБРАНА НА УПОТРЕБА НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН ИЛИ СРОДНИ ПРОИЗВОДИ И ЗАШТИТА ОД ЕФЕКТИТЕ НА СЕКУНДАРНА ИЗЛОЖЕНОСТ

### Член 3

(1) Употребата на производи од тутун или сродни производи, уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, или додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи, е забрането:
1. во објекти на здравствени установи, установи за комплементарна и алтернативна медицина, установи за социјална заштита, установи за згрижување и воспитание на деца, воспитно – образовни, високообразовни и научни установи како и рекреативни установи, установи од областа на културата, организации за физичка култура и спорт, затворени базени и објекти за нега и разубавување;

2. на растојание од најмалку 20 метри од влезови на објекти на здравствени установи, установи за комплементарна и алтернативна медицина, установи за социјална заштита, установи за згрижување и воспитание на деца, воспитно–образовни, високообразовни и научни установи (растојанието од 20 метри се мери од надворешниот раб на влезната врата, по најкратката пешачка линија);
3. на растојание од најмалку 20 метри од влезови и во објекти за престој и сместување на деца, ученици и студенти (растојанието од 20 метри се мери од надворешниот раб на влезната врата, по најкратката пешачка линија);
4. во објекти каде се наоѓаат државни органи и органите и администрацијата на единиците на локалната самоуправа;
5. во објекти и возила што претставуваат работни места;
6. во сите видови јавен превоз, вклучувајќи патен, железнички, воздушен и воден превоз, жичари и ски-лифтови;
7. во објекти на аеродроми, железнички и автобуски станици, езерски пристаништа;
8. на автобуски станици, стојалишта и постојки на градски и приградски јавен превоз на патници и на растојание од најмалку пет метри од нив (растојанието од пет метри се мери од надворешниот раб на автобуската станица, стојалиштето и постојката од било која страна, по најкратката пешачка линија);
9. во приватно возило во присуство на дете;
10. во објекти каде се врши трговија на големо, трговија на мало, вклучувајќи затворени и отворени зелени пазари и саеми, и во објекти за други посебни начини на трговија согласно Законот за трговија;
11. во објекти на угостителски објекти за сместување дефинирани согласно Законот за угостителската дејност, вклучувајќи ги основните угостителски објекти за сместување и комплементарните сместувачки објекти;
12. во објекти на угостителските објекти за исхрана, дефинирани согласно Законот за угостителската дејност, вклучувајќи ресторани, барови, национален ресторан – меана, кантини и други угостителски објекти за исхрана;
13. простори надвор од објектите од точка 12 на овој став, наменети, уредени и опремени за давање на угостителски услуги, кои содржат дополнителна опрема (покриви, ѕидови, стакло, фолии, пластифицирани или најлонски прегради и слично), со која просторот се затвора со што станува простор од затворен или полузатворен карактер (под затворена страна се подразбира страната на која има поставено дополнителна опрема (покриви, ѕидови, стакло, фолии, пластифицирани или најлонски прегради и слично) во целата хоризонтала;
14. во заеднички простории на станбени згради и заеднички делови на станбена зграда (светларници, лифтови, заеднички котларници и слично) утврдени со закон;
15. во објекти на полициските станици, казнено-поправните и воспитно-поправните установи;
16. во објекти на приредувачи на игри на среќа и забавни игри, дефинирани согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри;
17. на растојание од најмалку 20 метри од влезови и во објекти каде што се приредуваат забавни и рекреативни дејности за деца (како игротеки за деца и приватни установи за згрижување на деца) и објекти за спортски и рекреативни активности (растојанието од 20 метри се мери од надворешниот раб на влезната врата, по најкратката пешачка линија);
18. во зоолошки градини и други отворени простори означени и уредени за забавни, спортски и рекреативни дејности за деца и возрасни.
(2) Во објектите и просториите од ставот (1) на овој член, одговорното лице на правното лице е должно да постави ознака за забрана на употреба на производи од тутун или сродни производи и е должно забраната за употреба на производи од тутун или сродни

производи во работната средина да ја вклучи во Изјавата за безбедност врз основа на проценка на ризик, согласно Законот за безбедност и здравје при работа.
(3) Правните лица и физичките лица – трговци поединци се должни да обезбедат почитување на забраната од овој член, во објектите, просториите и возилата каде што ја извршуваат својата дејност, и се должни забраната од овој член да ја спроведуваат како дел од обврската за обезбедување безбедни и здрави услови за работа, согласно Законот за безбедност и здравје при работа.
(4) Правните лица и физичките лица – трговци поединци, не се одговорни доколку докажат дека ги презеле сите пропишани мерки за спроведување на забраната од овој член, вклучително и јасно истакната забрана, донесен интерен акт, информирање на вработените и доколку го пријавиле прекршувањето на овој закон од страна на трети лица во објектите, просториите и возилата каде што ја извршуваат својата дејност, пред истото да биде утврдено од надлежниот инспекциски орган / надлежен орган.
(5) Формата и содржината на ознаката од ставот (2) на овој член, ја пропишува министерот за здравство.
(6) По исклучок од ставот (1) на овој член, употребата на производи од тутун или сродни производи е дозволено на отворени балкони и тераси на објектите, кои не се трајно или времено затворени и/или оградени со стакло, фолии, пластифицирани или најлонски прегради и слично. Исклучокот не се однесува на објекти на здравствени установи, установи за комплементарна и алтернативна медицина, установи за социјална заштита, установи за згрижување и воспитување на деца, воспитно–образовни, високообразовни и научни установи и објекти каде што се приредуваат забавни и рекреативни дејности за деца.
(7) По исклучок на став (1) точките 1, 5 и 10 на овој член, забраната не се однесува на лабораториско испитување и/или дегустација во лабораторија.
(8) По исклучок на ставот (1) на овој член, употребата на производи од тутун или сродни производи е дозволена исклучиво надвор од објектите од ставот (1) точката (13) на овој член и тоа:
1. полуотворен времен објект или урбана опрема, вклучувајќи и летни тераси, бавчи или слично, наменет, уреден и опремен за давање на угостителски услуги, кој содржи дополнителна опрема (покриви, ѕидови, стакло, фолии, пластифицирани или најлонски прегради и слично). Доколку полуотворениот времен објект или урбана опрема има страни, потребно е да биде целосно отворен од најмалку две страни, или отворен од една страна и целосно отворен кров доколку не може да обезбеди најмалку две страни. Под отворена се смета страната на која нема поставено покриви, ѕидови, стакло, фолии, пластифицирани или најлонски прегради и слично, повисоки од 120 сантиметри.
2. отворен простор наменет, уреден и опремен за давање на угостителски услуги кој не е покриен со кровна конструкција, тенди и слично, а кој има надворешно ограден периметар на парцела, без разлика на висината заради обезбедување на јавен ред, безбедност или организација на работа на деловниот објект (дискоклубови на отворен простор, ресторан бавчи, летни бавчи и други угостителски објекти).
(9) Исклучоците од ставовите (6) и (8) на овој член, се применуваат само доколку објектите и просториите во кои е забранета употребата и објектите и просториите во кои е дозволена употребата согласно овој закон, се физички одделени и независни, односно просторот каде е дозволена употребата не споделува заеднички влез, коридор, вентилациски систем или директен отвор, со просторот каде е забранета употребата.

## III. ЗАБРАНА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ, ПРИКАЖУВАЊЕ НА УПОТРЕБА НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН ИЛИ СРОДНИ ПРОИЗВОДИ ВО МЕДИУМСКА И УМЕТНИЧКА СОДРЖИНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СПОНЗОРСТВА

### Член 4

(1) Се забранува директно и индиректно рекламирање и промоција на продажбата на производи од тутун или сродни производи, вклучувајќи:

1. Рекламирање и промоција на производи од тутун или сродни производи;
2. Рекламирање и промоција на уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, како и сите други активности насочени кон поттикнување на продажбата на уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи;
3. Рекламирање и промоција на продажбата на додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи;
4. Бесплатна трговска дистрибуција на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи или додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи меѓу населението;
5. Понуда на попусти на цената на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи и додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи, вклучувајќи издавање купони и ваучери;
6. Размена на производи од тутун или сродни производи за други производи што содржат производи од тутун или сродни производи;
7. Понуда на награди во форма на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, или понуда на подароци или производи со попуст при купување на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи;
8. Изнајмување, давање под закуп или бесплатно обезбедување на уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи;
9. Употреба на трговска марка што се користи за идентификација на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи;
10. Употреба и рекламирање со демонстрација на производи што содржат производи од тутун или сродни производи, како и при големопродажба и малопродажба на такви стоки;
11. Организирање и спроведување на настани (вклучувајќи лотарии, натпревари и игри) за кои купувањето на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи е услов за учество;
12. Употреба на имиња на брендови, трговски марки, сервисни ознаки, како и трговски називи што и припаѓаат на индустријата, при организирање и спроведување на хуманитарни или други активности;
13. Ширење информации во било која форма што вклучува рекламирање и промоција на продажбата на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи вклучувајќи преку печатени медиуми, аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поштенски пратки, телефонски повици, пораки преку мобилни телефони, електронска пошта, онлајн медиуми - интернет портали, платформи за споделување видеа, вклучувајќи социјални мрежи и било какви мрежи за размена на податоци.

(2) По исклучок на ставот (1) точката 13 од овој член, се дозволува доставување на информации за карактеристиките и начинот на употреба на производи од тутун, сродни производи или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, на полнолетни лица кои претходно извршиле купување на таков производ или уред и кои дале изречна согласност за примање на такви информации согласно прописите за заштита на лични податоци, а исклучиво преку индивидуален комуникациски канал (СМС, електронска пошта или друга затворена лична комуникација).

(3) Информациите од ставот (2) на овој член не смеат да се доставуваат преку социјални мрежи, групни комуникациски канали или јавно достапни платформи.

Член 5

(1) Се забранува прикажување на производи од тутун, сродни производи или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, како и процесот на употреба на производи од тутун или сродни производи во:

1. Компјутерски игри (вклучувајќи видео игри и онлајн игри) и социјални забавни игри, наменети за било која возрасна категорија, при што одговорноста ја сносат издавачот, дистрибутерот и/или прикажувачот на компјутерските игри;

2. Аудио и аудиовизуелни програми и видеа создадени од корисници, наменети за деца и возрасни, објавени преку даватели на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во објави на онлајн медиуми – интернет портали или печатени медиуми, во театарски претстави, кинематографски дела, како и на јавни настапи и во секоја слична употреба, освен во случаи кога прикажувањето претставува составен дел на уметничката концепција во програмите, видеата, делата, претставите или објавите наменети за возрасни.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, доколку во делата кои се прикажуваат, се прикажуваат производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, како и консумирањето на производи од тутун или сродни производи, емитувачот или организаторот на прикажувањето е должен да обезбеди емитување на порака дека употребата производи од тутун или сродни производи е штетно за здравјето, веднаш пред или за време на прикажувањето на таквото дело или програма.

Член 6

(1) Индустријата не смее да презема какви било активности со цел:

1. Спонзорирање на театарски продукции, филмски продукции, вклучувајќи серии (телевизиски серии), анимирани филмови, емисии кои се прикажуваат на телевизија, преку радио и преку интернет врска, видео блогови на социјални мрежи во Република Северна Македонија;

2. Спонзорирање на јавни настани, вклучувајќи концерти, филмски проекции, фестивали, изложби, предавања, работилници, спортски и други настани, како и спонзорирање на поединци вклучени во организацијата на такви настани во Република Северна Македонија;

3. Спонзорирање на филмски, театарски и музички творечки групи, индивидуални уметници и музичари, културни дејци, спортски екипи или индивидуални спортисти во Република Северна Македонија;

4. Спонзорирање на установи и организации од областа на културата и уметноста, вклучувајќи музеи, библиотеки, театар, филхармонија и други установи од областа на културата, установи од областа на здравствената и социјалната заштита, како и заштита на животната средина во Република Северна Македонија.

(2) По исклучок на став (1) точката 4 на овој член, забраната не се однесува на музеи за тутун.

Член 7

(1) Понудата на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи е забранета во објектите и просториите на здравствени установи, установи за социјална заштита, воспитно – образовни, високообразовни, научни, културни и рекреативни установи и организации за физичка

култура и спорт, како и во објекти и простории каде се наоѓаат државни органи и органите и администрацијата на единиците на локалната самоуправа.
(2) Понудата на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи е забранета на пазари и саеми, во објекти и простории на угостителски објекти за сместување, како и на секој отворен простор за време на културни, спортски и други јавни настани.
(3) Забранета е продажбата на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи преку автомати, места за самопослужување, како и онлајн продажба.
(4) Забрането е изложување на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, како и нивни поединечни пакувања во малопродажни објекти.
(5) Информациите за производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи што се нудат на малопродажба, се обезбедуваат на потрошувачите од страна на продавачот преку поставување список на достапните производи и уреди на непосредното место на продажба (на шкафовите за складирање на таквите производи).
(6) Текстот на списокот од став (5) на овој член, се пишува со црни букви од иста големина, на бела позадина и подреден по азбучен ред, со наведување на цената на производите и уредите што се продаваат, без употреба на графички слики или илустрации.
(7) Производите од тутун, сродните производи, како и уредите за употреба на производи од тутун или сродни производи, на непосредното место на продажба се чуваат на начин кој спречува нивно визуелно прикажување кон потрошувачите, и тоа:
1) во затворени шкафови што не се достапни за потрошувачите, конструирани на таков начин што ќе се спречи визуелното прикажување на производите кон потрошувачите кога шкафовите се затворени, и кои се отвараат само во моментот на продажба на производот или
2) во простор кој не е видлив за потрошувачите (под продажен пулт, во задниот дел на продажниот објект или на друго место надвор од видното поле на потрошувачите).
(8) Шкафовите или просторот за чување на производи од тутун, сродни производи, како и уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, не смеат да имаат надворешно осветлување и треба да бидат без било какви натписи и ознаки и во боја што не го привлекува вниманието на посетителите.
(9) Ставовите (4), (5), (6), (7) и (8) на овој член, не се применуваат на малопродажни објекти кои претставуваат специјализирани продавници за продажба на производи од тутун, сродни производи, уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, како и додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи.

## IV. ЗАШТИТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА ОД НЕГАТИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД УПОТРЕБА НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН ИЛИ СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

### Член 8

(1) Забранета е продажбата на производи од тутун, сродни производи, уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, како и додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи на лица помлади од осумнаесет (18) години.
(2) Во случај на сомнеж од страна на продавачот во однос на возраста на лицето што купува производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи, тој е должен да побара од купувачот на увид јавна исправа за идентификација на возраста.

(3) Продавачот е должен да одбие продажба на производи од тутун, сродни производи, или уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи на купувачот доколку постои сомнеж дека купувачот е помлад од осумнаесет години и доколку не биде приложена на увид јавна исправа за идентификација со која се докажува возраста на купувачот.

Член 9

(1) Министерството за здравство во рамките на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија, која се донесува согласно Законот за јавно здравје и Законот за здравствената заштита, утврдува превентивни мерки и активности за заштита и унапредување на здравјето на граѓаните од штетните ефекти на употребата на производи од тутун или сродни производи, интегрирајќи родова перспектива при донесување и спроведување на програмите.

(2) Мерките и активностите од ставот (1) на овој член, има за цел подигање на јавната свест и информирање во врска со заштитата и унапредувањето на здравјето на граѓаните од штетните ефекти на употребата на производи од тутун или сродни производи, како и обезбедување советување и медицинска помош за населението со цел прекин на употребата на производи од тутун или сродни производи.

(3) Министерството за здравство обезбедува спроведување на мерките и активностите од ставот (1) на овој член и презема активности за следење и оценување на ефективноста на нивната ефективност.

(4) При спроведување на мерките и активностите од ставот (1) на овој член, се применува родово-сензитивен пристап со цел да се земат предвид разликите во здравствените ризици и последици од употребата на производи од тутун или сродни производи помеѓу жените и мажите, особено за ранливи групи.

V. НАДЗОР

Член 10

(1) Надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон, го вршат Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Државниот комунален инспекторат, комуналните инспектори и комуналните редари во единиците на локалната самоуправа, Државниот инспекторат за транспорт, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Управата за сигурност во железничкиот систем, Капетанијата на пристаништата, Управата за јавни приходи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Управата за извршување на санкциите, како и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во согласност со надлежностите утврдени со закон.

(2) Службените лица од институциите од ставот (1) на овој член, меѓусебно соработуваат и разменуваат податоци во врска со спроведувањето на овој закон.

(3) Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор во делот на спроведување на овој закон во и вон угостителски објекти за сместување, вклучувајќи ги основните угостителски објекти за сместување и комплементарните сместувачки објекти, во угостителски објекти за исхрана, вклучувајќи ресторани, барови, национален ресторан – меана, кантини и други угостителски објекти за исхрана, во објекти за трговија на големо, објекти за трговија на мало, објекти за трговија на зелените пазари, и во објекти за други посебни начини на трговија, како и на медиуми за ширење на информации.

(4) Државниот санитарен и здравствен инспекторат врши инспекциски надзор во делот на спроведување на овој закон во јавни и приватни здравствени установи, установи за комплементарна и алтернативна медицина, установи за социјална заштита (установи за

згрижување на стари лица и тн.), установи за згрижување на лица со посебни потреби, објекти за нега и разубавување, базени и во установите за згрижување и воспитување на деца.
(5) Државниот просветен инспекторат врши инспекциски надзор во делот на спроведување на овој закон во основните, средните училишта, установи за образование на возрасните, високообразовните и научните установи, ученичките и студентските домови и во установите за згрижување и воспитување на деца.
(6) Државниот инспекторат за труд врши инспекциски надзор во делот на спроведување на овој закон во работни простори и други простории и работни места каде работодавачот организира работен процес.
(7) Државниот комунален инспекторат врши надзор над спроведување на овој закон во објекти на јавни претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија и во правни и физички лица на кои Владата на Република Северна Македонија им дала дозвола за давање на комунални услуги, а единиците на локалната самоуправа, преку овластените општински комунални инспектори и комуналните редари, вршат надзор на јавните површини определени со овој закон, во рамките на надлежностите утврдени со Законот за комуналните дејности и Законот за јавна чистота.
(8) Управата за јавни приходи врши надзор во делот на спроведување на овој закон во објекти на приредувачи на игри на среќа и забавни игри, дефинирани согласно Законот за игри на среќа и за забавните игри.
(9) Државниот инспекторат за транспорт врши надзор во делот на спроведување на овој закон во јавниот превоз на патници во патниот и железничкиот превоз и во објекти на автобуски и железнички станици и постојки, жичари и ски-лифтови. Агенцијата за цивилно воздухопловство врши надзор во воздушниот превоз и во објекти на аеродроми. Управата за сигурност во железничкиот систем врши надзор над безбедноста во железничкиот превоз. Капетанијата на пристаништата врши надзор во водениот превоз и во објекти на езерски пристаништа.
(10) Во казнено-поправните и воспитно поправни установи, надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон го врши Управата за извршување на санкции, во рамките на овластувањата утврдени со Законот за извршување на санкциите. Повредата на забраната од овој закон од страна на осудените и притворените лица претставува повреда на куќниот ред и за истата се поведува дисциплинска постапка согласно Законот за извршување на санкциите и Правилникот за куќен ред на установата. Во работните простории на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, кои се користат од страна на вработените, надзорот го врши Државниот инспекторат за труд согласно ставот (6) на овој член.
(11) Министерството за внатрешни работи врши надзор во затворени и отворени простори каде се одржуваат спортски натпревари, културни и забавни настани, собири и други јавни настани, во простории за задржување лица во полициските станици, како и во приватни моторни возила кога во нив има едно или повеќе малолетни лица.
(12) Министерството за социјална политика, демографија и млади врши надзор во установите за згрижување и воспитување на деца.
(13) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врши надзор кај давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
(14) Во постапката при вршење на инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 11

(1) Надлежниот инспектор или службеното лице при преземање мерки во согласност со овој закон, донесува решение и постапува согласно одредбите од законите со кои се пропишува нивното постапување.
(2) Против решението од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од петнаесет дена од денот на приемот на решението.
(3) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член, не го одлага неговото извршување.
(4) Доколку при вршење на инспекциски надзор, службеното лице утврди неправилности и недостатоци со кои се загрозува животот или здравјето на луѓето или на животната средина, постапува согласно одредбите за привремена забрана за вршење на дејност согласно Законот за инспекциски надзор.
(5) Решенијата од ставот (1) на овој член, можат да бидат издадени и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Жалбата од ставот (2) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.
(7) По исклучок од ставовите (5) и (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, актите и поднесоците во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 12

(1) Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец-поединец, глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро-трговец, глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мал-трговец, глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на среден трговец, а глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на голем-трговец за прекршок, доколку постапува спротивно на членовите 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од овој закон.
(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член, на одговорното лице кај трговецот ќе му се изрече глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност.

### Член 13

(1) Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок, доколку постапува спротивно на член 3 став (1) од овој закон.
(2) Доколку сторителот на прекршокот е дете, во тој случај се постапува согласно Законот за правда за децата.

### Член 14

(1) За прекршоците од членовите 12 и 13 од овој закон, службеното лице од член 10 став (1) од овој закон, е должно на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за

порамнување со издавање прекршочен платен налог пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка согласно одредбите од Законот за прекршоците.
(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, службеното лице од член 10 став (1) од овој закон, составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.
(3) По приемот на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на посебна уплатна сметка во рамки на Трезорската сметка означена во прекршочниот платен налог.
(4) Средствата од глобите се приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.
(5) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.
(6) Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.
(7) Службеното лице од членот 10 ставот (1) од овој закон, е должно да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки за порамнување покренатите постапки за порамнување.
(8) Во евиденцијата од ставот (7) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(9) Личните податоци од ставот (8) на овој член, се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.
(10) Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот за здравство.

Член 15

(1) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.
(2) За дејствијата утврдени во одредбите од член 4 став (1) точка 13, член 5 и член 6 од овој закон, кои се сторени од страна на давателот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се применуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно одредбите од Законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18).

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18).

Член 19

Одредбите од член 3 став (1) точка 13 и член 3 став (8) од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, а одредбите од член 7 ставовите (7) и (8) од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со член 1 од Предлогот на закон се уредува опфатот на уредување со Законот.

Со член 2 од Предлогот на закон се дефинира значењето на изразите кои се користат во Законот.

Со член 3 од Предлогот на закон се уредува местата каде што е забранета забранета употребата на производи од тутун или сродни производи.

Со член 4 од Предлогот на закон се уредува забраната за рекламирање на производи од тутун или сродни производи, како и уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи.

Со член 5 од Предлогот на закон се уредува забраната за прикажување на производи од тутун или сродни производи.

Со член 6 од Предлогот на закон се уредува забраната за спонзорирање.

Со член 7 од Предлогот на закон се уредува понудата на производи од тутун или сродни производи, уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи.

Со член 8 од Предлогот на закон се уредува забраната за продажба на малолетни лица.

Со член 9 од Предлогот на закон се уредува донесување на превентивни мерки и активности во рамки на Националната програма за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Со член 10 од Предлогот на закон се уредува надзорот на спроведувањето на Законот.

Со член 11 од Предлогот на закон се уредува надлежноста на инспекторите.

Членовите 12, 13, 14 и 15 од Предлогот на закон се прекршочни одредби.

Членовите 16, 17, 18, 19 и 20 од Предлогот на закон се преодни и завршни одредби.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со Предлогот на закон се предлагаат решенија кои се содржани во одредбите од Законот, истите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на иста правна работа.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се уреди заштитата од штетните ефекти од употребата на производи од тутун или сродни производи, заштитата на населението од дејството на тутунски чад во животната средина, забраната за употреба на производи од тутун или сродни производи, уреди за употреба на производи од тутун или сродни производи и додатоци за употреба на производи од тутун или сродни производи во јавни и работни простори, забраната за рекламирање и промоција на производи од тутун или сродни

производи, забраната за спонзорирање активности од страна на индустријата, прикажувањето и изложувањето на производи од тутун или сродни производи, како и уредите за употреба на производи од тутун или сродни производи и превентивните мерки за подигање на јавната свест и поддршка за прекинување на употребата на производи од тутун или сродни производи.